Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

2705

Бр. 13-1856/4 од 11.05.2021 год.

( врска бр. 13-1501 од 2020 год.)

Врз основа член 24 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 163/16, 64/18 и 168/2018), и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 58 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Сл.гласник на Кисела Вода бр.01/2020"), и Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2019 година со решение бр. 09-10814/4 од 25.12.2018 година ,Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2020 година со решение бр. 08-10101/12 од 25.12.2019 година и Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2021 година со решение бр. 09-9341/4 од 30.12.2020 година за изработка на Детален урбанистички план за Градска Четврт Ј19, блок Ј19.04, предлог план, по прифатена иницијатива, Градоначалникот на Општина Кисела Вода донесе:

# О Д Л У К А

за организирање на јавна анкета и јавна презентација
по Детален урбанистички план за Градска четврт Ј19, блок Ј19.04, предлог план,
Општина Кисела Вода,
Плански период 2020-2025

## Член 1

Се организира јавна анкета и јавна презентација по Детален урбанистички план за Градска четврт Ј19, блок Ј19.04 , предлог план, Општина Кисела Вода.

## Член 2

Јавната анкета по Детален урбанистички план за Градска четврт Ј19, блок Ј19.04, предлог план, Општина Кисела Вода, ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во просториите на Општина Кисела Вода (барака 7) –Голема сала, како и на веб страната на Општина Кисела Вода www.kiselavoda.gov.mk

Член 3

Јавната анкета ќе се одржи од **19.05.2021 – 04.06.2021**, објавено во Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација по Детален урбанистички план за Градска четврт Ј19, блок Ј19.04, предлог план, Општина Кисела Вода. Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во архивата на Општина Кисела Вода (барака 6 ) како и преку информацискиот систем e-urbanizam.

Член 4

Јавната презентација по Детален урбанистички план за Градска Четврт Ј19, блок Ј19.04, предлог план, Општина Кисела Вода, ќе се спроведе со стручно презентирање на планот во барака 7 – Голема сала, Општина Кисела Вода на 28.05.2021 година ( петок ) во 10:00 часот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

ГРАДОНАЧАЛНИК

На Општина Кисела Вода

Филип Темелковски